МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Јануари 2010

БРОЈ 101

## Македонија домаќин на 2-та средба на Заедничкиот консултативен комитет

На 25 февруари оваа година, во Скопје, во х. Холидеј ин, ќе се одржи втората средба на Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) на граѓанското општество на ЕУ и Република Македонија.



Во првиот дел од средбата воведни излагања ќе имаат Сашо Клековски (МЦМС), ко-претседател на ЗКК, Владимира Дрбалова, ко-претседател на ЗКК, Васко Наумовски, заменик претседател на Владата на РМ за европски прашања, Џелал Бајрами, министер за труд и социјална работа и Ерван Фуере, специјален претставник и шеф на делегацијата на Европската комисија во РМ.

На средбата ќе се разговара околу напредокот на Република Македонија кон ЕУ и ќе бидат презентирани извештаите за социјалните и економските права.

ЗКК е заедничко консултативно тело кое има цел да ги набљудува односите помеѓу ЕУ и Република Македонија од гледна точка на граѓанското општество. ЗКК ќе ги промовира контактите и дискусијата помеѓу претставниците на граѓанското општество на двете страни по прашања од заеднички интерес. Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) го сочинуваат 12 претставници од граѓанското општество од ЕУ и од Република Македонија.



# Постигнувања во 2009 година

МЦМС во 2009 година имаше вкупен обем (портфолио) од 27 проекти и буџет од 87 милиони денари. Спроведените проекти беа дел од десет програми.

За спроведување на активностите беа користени повеќе методи на работа. МЦМС имаше 79 консултански мисии или обуки на кои учествуваа 3.014 учесници. Најголем дел од учесниците ги посетувале обуките или имале консултации од областа на раководењето со проектен циклус и портфолио.

И оваа година повеќе внимание се посветуваше на застапувањето и лобирањето. Девет од спроведените проекти беа фокусирани на застапувањето и лобирањето. Што се однесува на информациите како метод на работа, МЦМС, во 2009 година, се појави како издавач на 11 публикации и организираше пет промоции и презентации на своите активности.

Во овој период заврши спроведувањето на програмите Локален развој на заедниците (ЛРЗ) 2006-2009, Кампањи за мобилизација на фондови (КМФ) 2005-2009, а во завршна фаза е и програмата Водоснабдување на општина Јегуновце (ВОЈ) 2007-2008. Од друга страна, започнаа програмите Институционален развој на граѓанското општество (ИРГ) 2009-2011 и Модел за дијалог на културите (МДК) 2009-2010.

МЦМС во текот на целата година правеше напори за мобилизирање на нови фондови. Подготвени се вкупно 28 пријави од кои 10 се прифатени, седум се во тек, а 11 се одбиени.

Во однос на соработката, годината ја одбележа основањето и регистрацијата на две мрежи, чиј иницијатор и основач е МЦМС: Македонија без дискриминација (МБД) и Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН).

**Активни програми во 2009 година:**

Модернизација на образованието;
Раководење на Македонската развојна фондација за претпријатијата;
Македонија без дискриминација;
Локален развој на заедниците;
Водоснабдување на општина Јегуновце;
Добро управување во Македонија;
Институционален развој на граѓанското општество во Македонија;
Македонија – модел за дијалог на култури;
Раководење со Балканската мрежа за развој на граѓанско општество;
Кампањи за мобилизација на фондови;

Во однос на евроинтеграциите, МЦМС имаше зголемена комуникација, со учество во работата на Националниот совет за евроинтеграции и особено со активниот придонес за воспоставување на Заедничкиот консултативен комитет на граѓанското општество ЕУ-РМ, кој кон крајот на септември ја одржа својата конститутивна седница во Брисел.



Во овој период се спроведе изборот на Извршен директор на МЦМС. Одборот на директори се комплетираше со изборот на Александар Кржаловски за извршен директор. МЦМС ја заврши годината со 25 соработници.

## До каде е спроведувањето на Охридскиот рамковен договор



*Ерван Фуере му ја предаде на Сашо Клековски информацијата за одобрениот грант*

МЦМС, заедно со Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар ќе го спроведат проектот Анализа на степенот на имплементација на Охридскиот рамковен договор.

Ќе биде направена независна анализа за степенот на имплементација на Охридскиот рамковен договор, ќе бидат нагласени најдобрите практики и ќе бидат дадени препораки во подрачјата каде што е потребно подобрување. Покрај истражувањето во рамките на проектот ќе бидат направени 3 работилници во Гостивар, Струга и Дебар на кои ќе се дискутираат проблемите со кои се соочуваат општините, 3 обуки за локалните власти во Гостивар, Струга и Дебар за интеркултурен дијалог и една завршна конференција. Во рамките на овој проект се планира и воспоставување на лоби група која ќе работи на поефикасната имплементација на Охридскиот рамковен договор.

Буџетот на проектот изнесува 64.000 евра, од кои 44.000 евра се обезбедени од Европската иницијатива за демократија и човекови права (ЕИДХР), а останатите се сопствено учество на организациите.

## Подобри услови за работа за околу 1.200 ученици и наставници

За 1.048 ученици и 141 вработен во пет училишта во руалните средини наставата се одвиваше полесно благадарение на проектите за модернизација на образованието што во 2009 година ги спроведуваше МЦМС.



Во ОУ Браќа Миладиновци во с.Добрушево беа набавени помагала за опремување на фискултурната сала и за кабинетот по физика и хемија; во ОУ Гоце Делчев во с. Конче направена е замена прозорците и вратите; во ОУ Александар Турунџиев во с. Кукуречани изработен е главен проект за санација на подрумските простории; во ОУ Гоце Делчев во с. Нова Маала направен е ограден ѕид на школскиот двор, а во ОУ Исмаил Ќемали во с. Црнилиште беше направено партерно уредување на училишниот двор.

Вклучените не го кријат задоволството од завршените работи. „Работата ја завршивме експедитивно и успешно на задоволство на сите родители, ученици и наставници", ни изјави Ѓорѓи Цонев, советник во општината Василево. „Реакциите се позитивни. Овој проблем не мачеше долги години. Децата во училиштето не беа безбедни, беа изложени на сообраќајот од улицата, ама сега тоа е зад нас. Сите вклучени страни одлично соработуваа. Успеавме да ги завршиме сите преземени обврски. Општината имаше и сопствено учество во проектот во уредување на дворот и засадување на зеленило, а сега се довршуваат патеките", додаде Цонев.

Буџетот на петте проекти изнесува 5.187.460 МКД и МЦМС го обезбеди преку Сокотаб и неговите партнери. Проектите беа спроведувани со општините и раководствата на училштата.

## Граѓаните на Аеродром направија концепти за решавање на проблемите во училиштата



*Граѓаните на форумската сесија го изразуваат интересот за вклучување во работните групи*

Во петокот, 29 јануари 2010 година, во основното училиште „Ѓорѓија Пулески", се одржа четвртата форумска сесија во рамките на програмата „Форуми во заедницата" во општина Аеродром, на која присуствуваа околу 130 граѓани.

Согласно темата на форумот, која гласи „подобрување на условите за образование и работа во училиштата и во градинките", петте работните групи составени од граѓани ги претставија своите концепти за решавање различни проблеми во образовно-воспитните установи. Од нив подоцна ќе се развиваат предлог-проекти и на крајот, на седмата сесија, ќе се избере еден чија реализација ќе се финансира со буџетот на оваа програма. Тој изнесува шест милиони денари, од кои четири милиони обезбедува Швајцарската агенција за соработка и развој, а два милиони општина Аеродром.

Првата работна група се залага за замена на прозорците во три установи, за да се обезбедат подобри услови за работа и да се подобри енергетската ефикасност, односно да се штеди топлинска енергија.

Втората група предлага да се поправат подовите, исто така во четири објекти.

Третата група смета дека треба да се набави опрема за изведување на наставата во училиштата за да се зголеми интересот кај децата, пред се за природните и за техничките науки.

Според четвртата работна група граѓани, највbooажно да се подобри изгледот на дворовите во училиштата и во градинките преку хортикултурно уредување и обнова на опремата, правење патеки, реновирање огради, па и поставување рекреативни елементи, како лулашки, лавиринти и вештачки карпи.

Последната група зсе фокусирала на подобрување на условите за спортување и за рекреација, пред се во подрачното училиште „Гоце Делчев" во Долно Лисиче, каде што во дворот нема игралиште, а наставата по физичко воспитување се одвива во училница.

Александар Кузмановски прв пат учествуваше на форумска сесија. „Процесот ми се допадна", рече тој, „добро е кога ни е овозможено на сите да си ги кажеме своите проблеми, но и да увидиме што ги мачи другите. Ќе има тешка борба меѓу различните групи за тоа кој проект да биде прифатен на крајот. Навистина, сите се потребни", смета тој. И Драган Соколов смета дека форускиот процес како идеја е одличен, затоа што им овозможува на граѓаните да решаваат некои проблеми што одамна ги мачат. „За некои од нас тој би требало да донесе позитивни промени, но сепак мораме да признаеме дека средствата се многу мали. Проблемите во општината се многу големи, вклучувајќи ги тие во училиштата и во градинките, па со ова би можеле само делумно да ги решиме. Затоа не би требало ова да се одржи само еднаш, би било добро процесот да се повторува", вели Соколов.

## Четири концепти за проекти изгласаа граѓаните на Радовиш и Конче



*Граѓните решија да им дадат шанса на сите предложени концепти*

На четвртата форумска сесија што се одржа на 21 јануари оваа година, граѓаните на Радовиш и Конче поддржаа четири концепти кои во следната фаза треба да станат предлог проекти.

Концептите, согласно темата, се фокусирани на водоснабдување и отпадни води: „Искористување на атмосферската вода како техничка и поделба на региони на населените места според надморската висина"; „Кампања за правилно користење на водата"; „Техничка опрема за одржување на мрежата за одвод на отпадните води" и „Третман на отпадни води и колекторски системи за отпадни води".

Граѓаните ги утврдија работните групи кои понатаму ќе ги доработуваат концептите во предлог проекти.

Следната форумска сесија е закажана за 18 февруари, во Радовиш.